Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-405/1 од 19.6.2023 година, поднесена од [redacted] во име на својот малолетен син [redacted] против [redacted] професор во СУГС Гимназија Орце Николов- Скопје, за извршена дискриминација во областа на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 5.7.2023 година, го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-405/4
07-07-2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАКЛУЧОК**

**за отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**Образложение**

На 19.6.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] во име на својот малолетен син [redacted] за извршена дискриминација во областа на образование, против [redacted]- [redacted] професор во СУГС Гимназија Орце Николов- Скопје.

Подносителот на претставката наведува дека истата ја поднесува поради тоа што смета дека неговиот син [redacted] како ученик во СУГС Гимназија Орце Николов бил подложен на дискриминација, психолошка тортура, мобинг, навреди, заплашување и омаловажување од страна на неговиот класен раководител [redacted] со цел уништување на самодовербата и намалување на успехот кај ученикот на крајот на учебната година. Тврди дека сето ова е резултат на смислени напади и прогон кон ученикот преземени од неговиот класен раководител.

Во претставката е наведено дека класниот раководител спроведувал јавна хајка и прогон кон ученикот [redacted] со цел негова дискредитација и омаловажување пред професорите и неговите соученици. Во продолжение, подносителот тврди дека сето ова резултира со нарушување на психолошката состојба на ученикот, губење на самодовербата и прекршување на правото на достоинствено школување без дискриминација. Исто така се истакнува дека со ваквото однесување на класниот раководител биле запознаени и раководните структури на училиштето, меѓутоа истите не презеле ништо во однос на ваквата ситуација.

Подносителот на претставката наведува дека истата се однесува на 2 точки: прво, на дискриминацијата и психолошкото малтретирање на ученикот [redacted] од страна на неговиот класен раководител [redacted] и второ, на дискриминација и непрофесионализам од страна на СУГС Орце Николов кон избраните членови на Родителскиот совет на училиштето, преку селективно повикување и неинформирање на дел од избраните членови за состаноци и собири на ова тело во текот на учебната година, при што подносителот на претставката, како член на истото, тврди дека ниту еднаш во текот на целата училишна година не бил повикан на таков состанок.

На ден 20.6.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за доуредување на претставката до [redacted] заведено под бр. 08-405/2, со упатство да ја доуреди претставката во насока што ќе ја наведе дискриминаторската основа врз која смета дека била извршена дискриминацијата. Дополнително, беше посочено дека потребно е да ја објасни основата, односно личната заштитна карактеристика на лицето, според која тој се разликува од другите, а врз која основа била извршена пријавената дискриминација.

На ден 26.6.2023 година, на електронската пошта на Комисијата пристигна доуредување на претставката од страна на [redacted]. Во доуредувањето, тој појаснува дека се работи за дискриминација во образованието на [redacted] извршено од страна на класниот раководител и професор по историја [redacted] училишниот психолог Ана Попризова и подоцна и директорот на училиштето [redacted]

При разгледување на претставката и доставеното доуредување, а согласно изнесените наводи и барања, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност. Имено, во конкретниот случај не се наведува дискриминаторска основа, согласно која евентуалната повреда на право би била сметана за дискриминација.

Во оваа насока, Комисијата посочува дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација содржана во **член 6** од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), кој гласи: *„дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.“*

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност. Оттука, имајќи ја предвид нејзината содржина, претставката ја препраќа до Државниот просветен инспекторат.

Скопје
7.7.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]